**MACEDONIAN**

**“St. George„ Информативен Центар за Доселеници (St George Migrant Resource Centre Inc.)**

**ПРОГРАМА ЗА ГРИЖА ВО ЗАЕДНИЦАТА (CALD COMMUNITY CARE PROGRAM)**

Ние ве поврзуваме со Програмите за грижа дома и во заедницата, ви помагаме и ве поддржуваме да живеете во домашни услови.


**552 Princes Hwy**
**PO Box 381**
**Rockdale 2216**

**тел: (02) 9597 5455**
**факс: (02) 9567 3326**

**Е-пошта: sgmrc@sgmrc.org.au**
**интернет страница: www. sgmrc.org.au**


Програмата за грижа во заедницата е служба која дава информации, поддршка и упатства на постарите лица, лицата со онеспособеност и нивните грижители од областа на St. George и Sutherland кои не зборуваат англиски.

**Како може да ви помогне оваа програма...**

- Ние даваме информации за услугите за грижа во домашни услови и во заедницата (**HACC**),
- Ние можеме да ве упатиме до службите кои ви се потребни,
- Ние ви даваме понатамошна поддршка и ве следиме,
- Ние им даваме поединечни совети на грижителите, емоционална поддршка и секаква информација релевантна на нивните потреби,
- Ние ви овозможуваме преку информативните средби, излетите со автобус и другите социјални собири да им се придружите на други кои се наоѓаат во слична ситуација,
- Ние овозможуваме месечни средби на групите за поддршка на грижителите и можност да ги споделите вашите искуства со другите грижители.

**Службата за грижа дома и во заедницата (HACC) може да ви помогне...**

- Со општите работи во домот,
- Доставување јадење до вашиот дом и пазарење,
- Лична грижа како што е туширање,
- Транспорт, поправки и промени,
- Медицински сестри во заедницата,
- Одмена во грижата,
- Градинарство и косење на тревникот
- Социјална поддршка како на пример: излети, групи за дружење,
- Поддршка на грижителите.

**Наплаќање**

Воглавно нашите услуги се бесплатни. Сепак од учесниците се бара придонес во некои активности како што се излети, ручеци итн.

**Повеќејазична инфолинија**
**Тел: (02) 9505 7601**

На повеќејазичната инфолинија работат двојазични работници кои ќе ви дадат поддршка и информации за услугите на **HACC**. За македонскиот и другите јазици од поранешна Југославија, линијата е отворена секоја среда од 10:00 - 15:00 часот.

Нашите двојазични работници исто така зборуваат италијански, арапски, кинески, грчки, хинди, гуџарати и виетнамски.

Доколку не зборувате ниту еден од горенаведените јазици ве молиме да се јавите во Службата за преведувачи по телефон (**TIS**) на **13 14 50** да не контактираат нас.